РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 03-3744/1
01.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**Предмет: Трет седумдневен извештај на Агенцијата**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Третиот седумдневен извештај за Локалните избори 2025 година, што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува во согласност со обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, се однесува на периодот од 25 до 31 август 2025 година.

Агенцијата, на почетокот од седмицата, испрати допис до радиодифузерите за да ги потсети дека согласно Изборниот законик (член 75-г) и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 47), имаат обврска да го снимаат излезниот сигнал на својата програма, да ги чуваат снимките и, на барање од Агенцијата, да ѝ ги достават најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето. Во овој контекст, ги повика да водат сметка за исправноста на опремата/софтверот за снимање и чување на снимките и да ги отстранат евентуалните дефекти.

До Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 20 август 2025 година, пристигна претставка од коалицијата Вреди против онлајн медиумот Тетовасот и новинарот од овој медиум Невриј Адеми, за видео - прилог објавен на 19.08.2025, со наслов „Нема струја во Желино, граѓаните револтирани. Овие се крадци".

По добиените мислења од Комисијата за жалби при СЕММ и од Советот на честа при ЗНМ, Координативното тело, на состанокот одржан на 26 август 2025, утврди дека посочената медиумска содржина не се однесува директно на претстојните Локални избори, поради што не може да ја разгледува. Сепак, имајќи предвид колку е важно граѓаните во предизборниот период и за време на изборите да добиваат точни и проверени информации, како и фактот дека посочениот прилог на порталот Тетовасот се однесува на тема од јавен интерес, Координативното тело го поддржа мислењето на Комисијата за жалби при СЕММ, дека во него има прекршување на членот 1 (објавување точни, проверени информации) и членот 13 (правење разлика меѓу фактите и мислењата) од Кодексот на новинарите на Македонија.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**